| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воздухот-живот значи |
| **Содржина на денот** | Воздухот околу нас |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-Како ја одржуваме личната хигиена додека се шетаме во природа. |
| **Активности** | За оваа тема може да одберете Вашето дете да го запознаете со воздухот и неговото значење за животот на нашата планета Земја и целиот жив свет. На почеток запознајте го Вашето дете со сетилото за дишење. Демонстрирајте како дишете и поттикнете го да размислува- дали може долго време да издржиме без воздух, дали можеме да дишеме со друго сетило. Потоа разговарајте за својствата на воздухот- боја, мирис, вкус. Притоа може да направите разни експерименти за да може детето непосредно да стекне нови сознанија и искуства. На пример може да земете балони и да ги дувате или кеси, и да пробате да го уловите воздухот,да ја затворите кесата и да ја пукнете. Дувајте со цевчиња во вода,д увајте со цевки балони од сапуницаи и многу други експерименти кои може да ги пронајдете на интернет. Доколку сте во можност и имате дома летачки Змеј заедно со Вашето дете одете на отворен простор и научете го детето како се лета. Летачкиот змеј може и сами да го изработите од креативни материјали (мали даски или пластични цефки, најлон, коноп...). Уживајте во играта со Вашето дете. |